


ЕВН е компанија чија главна дејност е дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна од 2006 година како дел од групацијата EVN. Во изминатите 15 години на овој пазар, ЕВН се стреми кон одржување на високата професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

---

## КАРИЕРА ВО ЕВН

За потребите на одделот Интерна ревизија, бараме специјалист/ка кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти.

# РЕВИЗОР (М/Ж)

**Опис на работните задачи**

- Анализа и проценка на оперативни, менаџерски и финансиски процеси во компанијата, проверка на придржување кон законските регулативи и регулативите од другите надлежни тела како и насоките дадени од групацијата или друштвото
- Подготовка на предлози за подобрување на ситуацијата врз основа на резултатите од проверките
- Контрола на отстранувањето на недостатоците
- Учество во давањето на поддршка на Управниот Одбор при исполнување и подобрување на контролните функции
- Учество во евалуација на системот на внатрешна контрола (потполност, економичност и соодветност) и советување на менаџментот
- Проценка на ризици, известување за идентификуваните ризици и дава насоки за нивно надминување
- Учество во изготвување на годишен ревизорски план

**Потребни квалификации**

- Високо образование – Економски факултет (или сродни смерови)
- Најмалку 3 години искуство во областа
- Одлично познавање на англиски јазик и MS Office
- Познавање на софтвери за обработка на податоци ќе се смета за предност
- Логичко расудување
- Способност за дефинирање приоритети
- Способност за симултана работа на различни проблематики
- Желба за постојано учење нови работи
- Способност за индуктивно и дедуктивно резонирање
- Самоорганизација и чувство за одговорност

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 22.07.2022.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx .

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува